РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Одлука со која се врши **намалување на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 1,13 %** во однос на одлуката од 9.05.2022 година.

**Малопродажните цени на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и на Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-) се намалуваат за 2,50 ден/лит, додека малопродажните цени на бензините ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 и на Мазутот М-1 НС не се менуваат.**

**Од 12.5.2022 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

| | | |
|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 95** | **90,50 (денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 98** | **92,50 (денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **87,00 (денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **85,00 (денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **53,848 (денари/килограм)** |

**Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат зголемување во просек: кај бензините за 0,77 %, кај дизелот има намалување за 3,343%, кај екстра лесното масло намалувањето е за 3,442% и кај мазутот има намалување за 2,142%.**

Курсот на денарот во однос на доларот во изминатиот период по кој беа формирани цените со претходната пресметка е **повисок за 0,004%**.

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 12.5.2022 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

11.5.2022

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019